**20242754736**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6, а во согласност со член 19 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21 и 74/24), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ МОНЕТАРНИ ОПЕРАЦИИ

1. Со оваа одлука во рамките на општите услови и правила за спроведување на монетарните операции се утврдуваат инструментите за обезбедување, коишто ги користи Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) при спроведувањето на монетарните операции. Монетарните операции со коишто се врши обезбедување или повлекување ликвидност на привремена и/или на дефинитивна основа се спроведуваат со банките, филијалите на странски банки и штедилниците (во натамошниот текст: учесниците), коишто ги исполнуваат критериумите за пристап определени со подзаконските акти на Народната банка.

Инструментите од ставот 1 на оваа точка служат за заштита на Народната банка од кредитните, пазарните и ликвидносните ризици.

2. Инструменти за обезбедување при спроведувањето монетарни операции се должничките хартии од вредност.

Народната банка користи должнички хартии од вредност чиј преостанат рок до достасување е подолг од рокот на достасување на монетарните операции.

Народната банка може да одлучи да не ги прифати должничките хартии од вредност коишто имаат исплата на купонска камата за времетраењето на монетарните операции.

3. При спроведувањето на монетарната операција и во текот на нејзиното времетраење, Народната банка на дневна основа врши вреднување на инструментите за обезбедување според пазарните цени.

Пазарни цени се цените остварени на домашниот секундарен пазар, односно цените објавени на електронските информативни системи за меѓународните финансиски пазари.

По исклучок од ставот 1 од оваа точка, доколку со инструментите за обезбедување не се тргува на секундарниот пазар или последните остварени цени отстапуваат значително од тековните пазарни движења, Народната банка има право да утврди теоретска цена за вреднување на инструментите со примена на соодветна методологија за вреднување.

4. Народната банка утврдува коефициенти на покритие, како соднос помеѓу вредноста на инструментите за обезбедување и паричните средства.

Кај монетарните операции за обезбедување денарска ликвидност на привремена основа, вредноста на инструментите за обезбедување е повисока од одобрените парични средства.

Кај монетарните операции за повлекување денарска ликвидност на привремена основа, вредноста на инструментите за обезбедување е во висина на повлечените парични средства.

5. За времетраењето на монетарните операции, Народната банка ја следи вредноста на инструментите за обезбедување на дневна основа.

Доколку соодносот помеѓу вредноста на инструментите за обезбедување и паричните средства се намали под утврдените коефициенти на покритие, Народната банка има право да побара покритие во парични средства или во соодветни инструменти за обезбедување. Во спротивно, доколку соодносот помеѓу вредноста на инструментите за обезбедување и

паричните средства се зголеми над утврдените коефициенти на покритие, Народната банка го враќа вишокот на обезбедувањето на барање на банката.

6. Видовите хартии од вредност коишто ги користи Народната банка како инструменти за обезбедување при спроведувањето на монетарните операции, како и коефициентите на покритие се утврдуваат во Листата на хартии од вредност за спроведување монетарни операции, којашто ја донесува Извршниот одбор на Народната банка.

Листата на хартии од вредност за спроведување монетарни операции се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

7. Народната банка им става на располагање на учесниците во монетарните операции детален список на инструментите за обезбедување коишто ги прифаќа при спроведувањето на монетарните операции, на дневна основа, преку електронскиот систем.

8. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на инструментите за обезбедување при спроведување монетарни операции („Службен весник на Република Македонија“ бр. 126/11).

9. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-43728/9
26 декември 2024 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот на
Народната банка на Република
Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.